З а п и с н и к

Од 16- та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 16-та редовна седница на ден 14.11.2022 година (понеделник) со почеток во 13:30 часот во просториите на ООУ,, Гоце Делчев“ Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците Илми Мустафов, Блажо Коцев и Крсто Панов.
На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево, Сањја Стојанова, Габриела К. Евтимова претставници од општинската администрација и Дејан Стојанов директор на ООУ,, Гоце Делчев“ Василево.
Пред да биде предложен дневниот ред за работа на шеснаесетата седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од петнајсетата седница на совет на општина Василево одржана на ден 31.10.2022 година, немаше забелешки по записникот, беше ставен на гласење од присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 16-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Измена и дополнување на Буџетот на општина Василево (ребаланс) за 2022 година;
2. Предлог-програма за активностите на општина Василево во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2023 година;
3. Предлог-програма за активноста на општина Василево во областа на социјалната заштита за 2023 година;
4. Предлог-програма за заедничка потрошувачка во општина Василево за 2023 година;
5. Предлог-програма за одржување и проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2023 година;
6. Предлог-решение за формирање на привремена Комисија за изработка на Предлог-програмата за работа на Советот на општина Василево за 2023 година;
7. Донесување на одлука по барање за градежен материјал за бетонирање на дел од улица, поднесено од Ванчо Митев од с. Радичево.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 16-та седница на советна општина Василево за збор се јави Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево предлага надополнување на дневниот ред уште со две нови дополнителни точки:

Како 8-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Годишен Извештај за работа на училиштето за учебната 2021/22 година во електронска форма.

Како 9-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Самоевалвација за периодот од 2020-2022 година во електронска форма

За збор се јави Ване Андонов член на Советот на општина Василево предложи како 10 дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за кратење на советничкиот хонорар. Рече дека точката се однесува на советниците кој што ќе имаат три одсуства во текот на една година без разлика дали се оправдано или неоправдано отсутни предлага да им се скрати по еден советнички хонорар. тоа е факт дека од 15 советници се случува да присуствуват 10 до 12 советници, скоро на секоја седница има отсутни советници. Смета дека советниците се избрани од граганите кој што теба да бидат присутни на седниците и да работат во интерес на граганите. Има советници кој што немат присуствувано на 7 до 8 седници на совет смета дека тие советници треба да бидат скратени барем еден советнички хонорар, се мета дека оваа точка ќе биде едногласно подржана и ставена на дневен ред.

Александра Мадевска член на Советот на општина Василево рече дека самиот деловник за работата на советот може да се прочита таму добро пишува дека секој што одсуствува барем три седници неоправдано автоматски треба да му престане мандатот, тие како советници се имат договорено да не се прават такви работи, доколку советникот Ване Андонов сака да ја стави оваа точка на дневен ред нека ја постави точката како што треба. Александра Мадевска рече дека предлага друга точка не по еден туку по три хонорари од советниците годишно да одат на општината.

Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево рече дека предлогот на Александра Мадевска само го надополнува предлогот на Ване Андонов.

Немаше друг пријавено за збор Предлогот на Ване Андонов како 10 дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за кратење на советничкиот хонорар. , беше ставен на гласење од присутни 12 советници гласаа 1,, против,, 11,, воздржани,, ,, за,, нема, Советот на општина Василево не го усвои предлогот на Ване Андонов.
Предлогот на Ристо Делјанов да се надополни дневниот ред уште со две нови дополнителни точки:

Како 8-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Годишен Извештај за работа на училиштето за учебната 2021/22 година во електронска форма.

Како 9-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Самоевалвација за периодот од 2020-2022 година во електронска форма,
беше ставен на гласење од присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред за работа на шеснасетата седница на Совет со усвоениот предлог на Ристо Делјанов да се надополни дневниот ред уште со две нови дополнителни точки:

Како 8-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Годишен Извештај за работа на училиштето за учебната 2021/22 година во електронска форма.

Како 9-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Самоевалвација за периодот од 2020-2022 година во електронска форма,
беше ставен на гласење од присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка: Измена и дополнување на Буџетот на општина Василево (ребаланс) за 2022 година;за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 1

Александра Мадевска побара образложение

Образложение даде Габриела К. Евтимова представник од општинската аддминистрација рече дека тоа е последен ребаланс за оваа година кој што треба да се донесе до 15 Ноември земајќи ги во предвид одредени приходи кој што не се целосно реализирани како што има и недоволна реализација на одредени расходи од тие причини се прави ребаланс на Буџетот. Поради блокираната сметка неможе да се исплаќат ратите од кредитот се кратат ратите од кредитот заради неможноста до крајот на годината да се вратат, рече дека и во други одредени ставки заради немање средства за реализација до крајот на годината се врши кратење на дел од средствата. Дел од средствата се однесуват на разни трансвери донесени со одлуки на совет во програмата А0 исто така се однесува и за програмата L0 за реализација на трансвери на спортски клубови и дел од кредитите, сите последни рати од кредитите се кратат што значи со ребалансот Буџетот се намалува за 11.000 000 денари од минатиот пат.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека со собранието беше изгласан закон и правило со кој до година ќе се распределуват средства спрема општините од страна на државната влас. Сите општини до 15 Ноември прават ребаланс со кој треба да се постигне според формулата на Министерството за финансии за да може општина Василево да го запази тој цензус за наредната година да се добијата повеќе средства за реализација на повеќе проекти за општина Василево. Спореддаденото образложение рече најбитно е да се раздолжи само општината а камоли да се реализират проекти. Тоа ќе се мери по ефикасноста на реализацијата на Буџетот. Во сите општини се прави кратење на средства конкретно општина Василево има средства може да се плати дел од обврската меѓутоа неможе да се плати бидејќи е блокирана сметката средствата одат само за градежни активности затоа е таква реализацијата и на капитални инвестиции каде штово тој дел е и суштината на ребалансот.

Немаше друг пријавено за збор првата точка: Измена и дополнување на Буџетот на општина Василево (ребаланс) за 2022 година; беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог-програма за активностите на општина Василево во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2023 година;за збор се јави Ридван Мемедов претседател на комисијата јавна безбедност, безбедност на собраќајот и против пожарна

заштита рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 4гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, нема

Немаше друг пријавено за збор втората точка: Предлог-програма за активностите на општина Василево во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2023 ; беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предлог-програма за активноста на општина Василево во областа на социјалната заштита за 2023 година;за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општесвени дејности рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 4гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, нема

Немаше друг пријавено за збор третата точка точка од дневниот ред Предлог-програма за активноста на општина Василево во областа на социјалната заштита за 2023 година ; беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Предлог-програма за заедничка потрошувачка во општина Василево за 2023 година;за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам за комунални работи и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Александра Мадевска побара образложение.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека оваа програма се прави неколку години тоа се 240 денари давачка годишно кој што граганите според законот ги дават за јавна чистота за одржување јавни површини, тие средства се пребират во Буџетот на општината и се плакат према комуналното предпријатие им се доставуват фактури спрема услугите кој ги вршат по достава на Барање. Се однесува за 2973 домакинства по 240 денари, се работи за иста програмата како и предходната година.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Предлог-програма за заедничка потрошувачка во општина Василево за 2023 година беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Предлог-програма за одржување и проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2023 година; за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам за комунални работи и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Александра Мадевска побара образложение.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека оваа програма се прави за две населени места Дукатино и Радичево. Уличното осветлување на општина Василево е дадено под јавно приватно партнерство на Телеком сите други села имат замена на уличните со нови додека во Радичево и Дукатино не се опфатени во новиот систем и во други населени места каде се останати стари и тие се вметнативо таа програма, бидејќи таму нема јавно приватно партнерство во другите села обврска е на Македонски Телеком да го одржува уличното осветлување, доколку се поднесе барање за да се смени некоја светилка тие барат кординати по кој тешко се определува а и вработените што се таму имат проблем околу тоа и кога треба да дојдат тие не идат навремено. Рече дека 400.000 денари се плаќат месечно за одржување а фактички ништо не се одржува општината е во голема загуба. Во Радовиш јавното обвинителство покрена постапка против бившиот градоначалник и дел од вработените таму се работи за поголема сума , ќе се следи состојбата понатаму како ке се одвиват работите според тој модел во кој спага и општина Василево.

Александра Мадевска праша дали може да се раскине тој договор. Сите се соочуват со тој проблем не е само во Дукатино и Радичево сите населени места имат проблем со електричното осветлување, бидејќи потекнува од населено место Нова Маала таму со месеци нема улично праша дали постои некој начин како да се справат со тој проблем или пак да се постави некој услов или пак да се раскине тој договор.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека во почетокот имаше таква намера, тие сакат да ја блокират и сметката 6.000 000 денари секој месец средствата за улично не стигат во општината сега тие средства дирекно се префрлат на Телеком од сето тоа се избра најмаленкото за да се раскине договорот според него многу пари се тоа не се може плус тоа тој знаејки колку пари зимат им побара општесвена одговорност во смисол да донират нешто за општината треба да зема околу 30.000 000 денари од општината и имат обеќано дека требаше да дадат фитнес зона во Василево и пред две недели имат кажано дека не може општината е тотално во загуба, овој договор ќе трае уште три години.

Ристо Делјанов претседател на Советот да им се даде обврска доколку не извршат да им се прекине тој договор.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека договорот е добро направен да бидат заштитени.

Александра Мадевска рече дека според неа дека од тој договор нема ништо, како прво ништо не се одржува ниту не го испочитуват тој договор ништо не функцинира граганите се жалат за тоа плаќат и сакат да имат улично осветлување овој проблем треба да се реши.

Градоначалникот Славе Андонов рече дека беше сведок на денот на празијадата во Градашорци кога снема струја осигурачот паднал поради тоа што се приклучуват и системот пага доколку немаше оструче лице струја ќе немаше ќе беше голем страм, тие осигурачи не се како предходните тие одма пагат

Немаше друг пријавено за збор петата точка од дневниот ред: Предлог-програма за одржување и проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2023 година; година беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

6

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Предлог-решение за формирање на привремена Комисија за изработка на Предлог-програмата за работа на Советот на општина Василево за 2023 година;. за збор се јави Живко Атанасов претседател на комисијата за Мандатни прашања рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема ги назначи Александар Митров за претседател и членови Александра Мадевска, Блажо Коцев,Блажо Делев,и Ристо Делјанов

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата по Предлог-решение за формирање на привремена Комисија за изработка на Предлог-програмата за работа на Советот на општина Василево за 2023 година; да бидат избрани: Александар Митров за претседател за членови Александра Мадевска, Блажо Коцев,Блажо Делев,и Ристо Делјанов беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред : Донесување на одлука по барање за градежен материјал за бетонирање на дел од улица, поднесено од Ванчо Митев од с. Радичево. ;;,за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 1

Седмата точка од дневниот ред : Донесување на одлука по барање за градежен материјал за бетонирање на дел од улица, поднесено од Ванчо Митев од с. Радичево. беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Годишен Извештај за работа на училиштето за учебната 2021/22 година во електронска форма на ООУ Гоце Делчев Василево.

За збор се јави Александра Мадевска побара образложение.

Дејан Стојанов директор на ООУ Гоце Делчев Василево. рече дека во Годишниот извештај е дадено бројчената состојба на учениците до први септеври бројот на ученици изнесуваше 680 ученици мегутоа бројот секојдневно се намалува бидејќи секојдневно се одпишуват ученици. Во населените места во Сушево, Едрениково и Седларци оваа година нема запишено ученици во прво одделение.

Во текот на месец мај и јуни со анкети на родителите и учениците се утврдени изборните предмети кои ке ги изучуват учениците во2021/22 година, од понудените изборни предмети за шесто седмо осмо и девето се избрани предметите Етика во религија,вештини на живеење , проекти од информатика, проекти од ликовна уметност, техничко образование, проекти од информатика и техничко образование.

Споредувајќи го успехот со годишниот успех од минатата година се забележува значително опагање на успех и гочем број на изостаноци. за вкупно 128 родители се испратени покани реализирани се соодветни консултации и разговори чии деца се нередовни и деца со послаб успех со 93 родители. Наставата ја следат 677 ученици распоредени во 19 паралелки. Во текот на учебната година училиштето го напуштиле 38 ученици а дошле 3 ученика, бројот на ученици од година во година се намалува. Во паралелките на македонски наставен јазик од прво до девето одделение оправдани изостаноци има 11896 и неоправдани4809 или вкупно 16705. Во паралелките на турски јазик од прво до пето оделение оправдани часови има 1483 и неоправдани232 или вкупно 1715

Александра Мадевска праша која е причината каде што во одредени населени места нема. запишано во прво одделение и која е причината за неоправданите изостаноци на учениците. Дејан Стојанов директор на ООУ Гоце Делчев Василево рече дека причина за незапишување на ученици во некои населени места е поради миграцијата на населението во странство лугето се иселуват си ги носат и своите деца. Околу прашањето за причината на големиот број на изостаноци рече дека при крајот на септември и втората половина на октомври има гроздобер и учениците со своите родители берат грозје одат во странство и бес исписница и пак се вракат.

Александра Мадевска праша дали неможе да се преземат некои мерки.

Дејан Стојанов рече дека тоа е право на родителите можат да си ги земат децата кога сакат за тоа неможе никој да им го скрати правото на родителите.

Немаше друг пријавено за збор:осмата точка од дневниот ред: Годишен Извештај за работа на училиштето за учебната 2021/22 година во електронска форма на ООУ Гоце Делчев Василево. беше ставена на гласење од 12 присутни советници со исклучок на советницката Драгица Глигорова поради судир на интереси беше иземена од гласење, Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред : Самоевалвација за периодот од 2020-2022 година во електронска форма, никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 12 присутни советници со исклучок на советницката Драгица Глигорова поради судир на интереси беше иземена од гласење, Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 16- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делјанов